Врз основа на член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 244/19, 53/2024; 74/2024; 170/2024; 59/2025), член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 38 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Градоначалникот на општина Гевгелија распишува:

# КОНКУРС
## за финансирање: програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот во општина Гевгелија за 2026 година

### I

За остварување на јавните потреби од областа на спортот, Градоначалникот на општина Гевгелија распишува Конкурс за финансирање: програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот во општина Гевгелија за 2026 година.

Спортските активности, програми и манифестации од интерес за општина Гевгелија, Општината ги утврдува со Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија.

Средствата за финансирање ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година.

### II

На Конкурсот имаат право да учествуваат правни и физички лица – државјани на Република Северна Македонија.

Под правни лица се подразбираат: спортски здруженија, спортски клубови, здруженија на граѓани, училишни спортски сојузи, трговски друштва, акционерски друштва, трговци поединци, регистрирани во Република Северна Македонија за вршење дејност спорт, како и правни лица кои покрај регистрацијата за вршење дејност од друга област, се регистрирани и за вршење дејност спорт.

Поднесените пријави од физичките и правни лица што не доставиле Наративен и Финансов извештај за реализација на активности од Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2025 година, нема да бидат разгледани.

Општина Гевгелија ќе учествува во финансирање: програми, проекти, натпревари и манифестации кои не се опфатени во претходните позиции, а кои со својата актуелност, атрактивност, квалитет и значење придонесуваат кон остварување на програмските цели во областа на спортот од интерес на општина Гевгелија за 2026 година.

### IV

Заинтересираните субјекти можат да аплицираат во следните категории:

**Спортски манифестации**

Општина Гевгелија ќе ги финансира спортските манифестации од локален, регионален, државен и меѓународен карактер за кои има интерес од страна на граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во општината и тоа:

- Традиционални манифестации;
- Манифестации од особен интерес;
- Хуманитарни манифестации.

**Училишен спорт**

Општина Гевгелија ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците со цел унапредување на училишниот спорт и зголемување на бројот на ученици во спортските активности и системот на натпревари.

- Спорт во основните училишта;
- Спорт во средните училишта;
- Универзитетски спорт.

**Спорт за сите**

Општина Гевгелија ќе ги поддржува програмите и проектите за масовен рекреативен спорт на граѓаните во општината за да му се овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината.

**Спорт за лица со посебни потреби**

Општина Гевгелија ќе ги поддржува активностите и проектите на спортските клубови/здруженија, коишто работат со деца и лица со посебни потреби.

**Натпреварувачки спорт**

Општината ќе ги поддржува програмите/проектите на спортските клубови/здруженија /акционерски друштва кои се натпреваруваат во највисоките лиги.

**Дополнителни активности**

Општина Гевгелија ќе ги поддржува иницијативите и активностите за одвивање и развој на други дополнителни спортски активности, коишто имаат значајно место во спортскиот живот на Општина Гевгелија.

**V**

Апликантите, покрај пријавата и прегледот на буџетот и план на трошоци, задолжително треба да ги достават следните документи:

**За правни лица:**
- Тековна состојба, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија (освен јавни установи основани од општина Гевгелија) не постара од 6 месеца;
- Во зависност од статусот на апликантот, да се достави Решение за вршење на дејност спорт, издадено од Агенција за млади и спорт на Република Северна Македонија или од Министерство за спорт на Република Северна Македонија;
- Портфолио на правно лице;
- Други документи (покани за учество на спортски настани, препораки, меморандуми за соработка и сл.).

**За физички лица:**
- Копија од лична карта на носителот на проектот;
- Доказ за активна трансакциска сметка;
- Биографија од носителот на проектот;
- Други документи (покани за учество на спортски настани, препораки, меморандуми за соработка и сл.).

**- Преглед на буџетот и план на трошоци** претставува пресликување на проектот во парична вредност. Тука се содржани сите трошоци што физичките и правните лица очекуваат да ги направат во текот на имплементацијата на проектот. Прегледот на буџетот треба да е во согласност со описот на предлог-проектот, а буџетските ставки треба да следат логичен редослед на работата, методите и активностите.

**- Неопходно е буџетските ставки да бидат колку што може попрецизни и засновани на точни трошоци, а не на приближни износи.** Исто така, пожелно е да се наведат и (можни) извори на финансирање од други донатори. Се очекува износите во буџетот да бидат испланирани колку што може попрецизно.

**VI**

Критериумите и мерилата за оцена на проектите ќе се определат со Правилник за начинот на распределба на средства до субјектите – корисници.

**VII**

Бараните податоци да бидат разделени по пол преку релеватни индикатори:
- број на спортисти, спортистки / машки и женски клубови кои ќе учествуваат;
- број на лица со посебни потреби вклучени во активноста, разделени по пол;
- број на жени вклучени во манифестацијата.

**VIII**

Пријавите (апликациите) задолжително се преземаат од официјалната веб-страница на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk. Пријавите со потребните документи треба да се доставаат до Општина Гевгелија, преку пошта, на адреса: ул. „Димитар Влахов“ бр.4, Гевгелија или во Архивата на Општина Гевгелија, најдоцна до 16:00 часот, на последниот ден од завршувањето на Конкурсот, со назнака: „**Конкурс за**

**финансирање: програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот во општина Гевгелија за 2026 година“**.

Апликантите **задолжително** да ги доставаат пријавите и по електронски пат (Word форма) на следнава e-mail адреса: petarjancev@yahoo.com.

Конкурсот ќе трае **до 03.12.2025 година.**

**Напомена:** Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да се разгледуваат.

**IX**

Резултатите од Конкурсот ќе бидат во вид на Програма за финансирање: програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот во општина Гевгелија за 2026 година која ја носи Советот на Општина Гевгелија, а ќе биде објавена во „Службен гласник“ и на веб-страницата на Општината.

Дополнителни информации можат да се добијат на:
- тел.: 071/207-199, Љубица Карајанова;
- тел.: 075/219-453, Петар Б. Јанчев.

бр. 14-1526/1
13.11.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов**
с.р.